ОСНОВНИОТ СУД ВЕЛЕС како првостепен суд од судијата Лидија Димова како претседател на советот, во правната работа по тужба на тужителката Л. К. од В. против тужените Б. К. од В., А. К. од село С., Општина Г., С. и Друштвото за транспорт и трговија ............ ДОО В........, за ништовност на договори за пренос на удел и утврдување право на сопственост, вредност на спорот 1.229.500,00 денари, постапувајќи по предлогот на тужителката за одлагање на плаќање на судската такса за жалба, бед одржување на рочиште, денес на ден 18.11.2016 година го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на тужителката Л. К. од В........ за одлагање на плаќање на судската такса за жалба по предметот П1................ на Основен суд Велес, СЕ УСВОЈУВА.

СЕ ОДЛАГА плаќањето на судската такса за жалба во износ од 49.980,00 денари, до донесувањето на одлуката по жалба пред Апелациониот суд Скопје.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителката поднесе тужба против тужените, за ништовност на договори за пренос на удел и утврдување право на сопственост, со означена вредност на спорот 40.000,00 денари, постапувајќи по која судот донесе пресуда П1............ од 06.09.2016 година со која тужбеното барање на тужителката го одби.

Незадоволна од донесената одлука, тужителката преку својот полномошник изјави жалба против донесената пресуда. Истата со налог за плаќање на такса од 17.10.2016 година е задолжена да плати судска такса за жалба во износ од 49.980,00 денари.

На ден 10.11.2016 година тужителката преку својот полномошник до судот достави предлог за одлагање на плаќање на судската такса за жалба до правосилно завршување на постапката, бидејќи таксата била висока, па истата не била во можност да ја плати целосно заради нејзината материјална состојба.

Согласно чл.13 ст.2 од Законот за судски такси е предвидено дека судот може на странката да и го одложи плаќањето на таксата се до донесувањето на одлуката или да и дозволи плаќање на таксата на рати. Според ст.4 од истиот член и закон, кон предлогот странката приложува доказ од надлежен орган за имотната состојба која се утврдува врз основа на податоците за приходи по сите основи на тоа лице, како и на членовите на неговото домаќинство со кои живее и изјава за неговата материјална состојба.

Во конкретниов случај, судот ја имаше во вид висината на судската такса за жалба и дека со нејзино целосно плаќање значително би се намалиле средствата со кои се издржува тужителката и членовите на нејзиното семејство, во врска со кои од тужителката беа доставени докази за одложено плаќање на судската такса за тужба. Во исто време судот го имаше во вид и фактот дека заради нејзината материјална состојба, со решение на овој суд П1.9/16 од 03.03.2016 година и беше дозволено судската такса за тужба во износ од 22.790,00 денари да ја плати на шест еднакви месечни рати од по 3.798,00 денари и дека истата ја исполнила обврската така што во предвидените рати, целосно е платена судската такса за тужба. Од тие причини следуваше судот да одлучи како во изреката на решението.

.

Претседател на совет - Судија
Димова Лидија

ПРАВНА ПОУКА:
Против ова решение тужителката има право на жалба во рок од 15 дена од приемот, преку овој суд до Апелациониот суд во Скопје.

.